# Почитувани членови на академската заедница на УКИМ

**Програмата EIT Jumpstarter 2025 е отворена за пријави!**

EIT Jumpstarter е главна претприемачка програма на Европскиот институт за иновации и технологии (ЕИТ), наменета за иноватори од Централна, Источна и Јужна Европа која е дизајнирана за професори и истражувачи, студенти, и претприемачи кои сакаат да ги претворат своите идеи во успешни стартапи, нудејќи ви можности да:

- Ја валидирате вашата бизнис-идеја,
- Добиете финансии и менторство
- Креирате профитабилен бизнис модел
- Вмрежување со експерти од индустрија

Во 2025 година, програмата се проширува на повеќе од 27 земји, со посебен фокус и на **РС Македонија** и на останаите земји од **Западен Балкан,** каде што брзината на иновации сè уште напредува а за што се обезбедени **дополнителни 30 места** за талентите.

**Пријавите се отворени до 2 април 2025 на следниот ЛИНК.**

Избраните тимови ќе учествуваат на онлајн обуки, натпревари за презентирање и локални тренинзи за развој на нивните бизнис планови. **Најдобрите тимови ќе имаат шанса да освојат до 15.000 евра во награди и до 3.000 евра за покривање на патни трошоци но и да добијат пристап до широка мрежа на инвеститори и индустриски експерти.** Во последните осум изданија, EIT Jumpstarter го унапреди знаењето на повеќе од 1,300 таленти во полето на претприемништвото и помогна во основањето на 124 стартапи. Овие компании обезбедија преку  150 милиони евра надворешни инвестиции.

**Пријавите се отворени до 2 април 2025 на следниот ЛИНК.**

Не пропуштајте ја шансата да се приклучите на една од осумте возбудливи категории: (1) EIT Health; (2) EIT FOOD (Храна и агротехнолошки иновации); (3) EIT RAW MATERIALS (Метали, минерали, напредни материјали и индустриски странични текови); (4) EIT INNO ENERGY; (5) EIT MANUFACTURING (Напредно и зелено производство); (6) EIT URBAN MOBILITY (Паметни градови и мобилност); (7) EIT CULTURE AND CREATIVITY (Нов европски Баухаус), но **истражете ги и останатите можности кои ги нуди ЕИТ во форма на грантови и инвестиции во вкупна вредност од 500 милиони евра годишно.**

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ НА СЛЕДНИОТ ЛИНК ЗА ИНФОРМАТИВНАТА СЕСИЈА ОРГАНИЗИРАНА ОД ЕИТ, ЗАКАЖАНА НА **10-ти март 2025, 11:00 часот.**

Пријавете се за дополнителна инфо сесија организирана од локалниот ЕИТ Хаб: **ЛИНК.**


Александар Стамболиев, Координатор на ЕИТ Хабот во РС Македонија

north.macedonia@eitcommunity.eu, 071578550.